МАКЕДОНСКА РИЗНИЦА

електронско списание

Република Македонија

Октомври 2014 | Број 27
ISSN 1857-9314

Македонска Ризница

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:
Благојче Андонов

ДИЗАЈН:
Сашо Гачев

РЕДАКЦИЈА:
Гоце Панговски
Милица Пашовска

СОРАБОТНИЦИ:
Ирена Јурчева
Мики Трајковски
Тони Анастасовски
Кирси Салонен
Никола Анѓелкоски
Дарко Богданов
Јордан Коцевски

ИЗДАВАЧ:
Александар Стеванов

Почитувани читатели,

Чест и задоволство ни е да ви го претставиме дваесет и седмиот број на е-списанието *Македонска Ризница*. Исто како и претходниот број, се чини дека и овој е посветен на поезијата, што во голема мера е заслуга на Милица Пашовска, најновиот член во нашата редакција. Ќе можете да прочитате три нови песни напишани од Ирена Јурчева, редовна соработничка на *Македонска Ризница*, а Милица ќе ве запознае со поетот Мики Трајковски и ќе ви ја претстави неговата поезија.

Почестени сме од можноста да објавиме поголем број на илустрации и стрип табли, дел од кои и ексклузивно, од македонскиот стрип автор и илустратор Тони Анастасовски. Исто така ви претставуваме и една талентирана илустраторка од Финска, која што, меѓу другото, со Македонија ја поврзува една преубава слика на античкиот крал и освојувач Алесандар III Македонски.

Продолжуваме со превод на стари написи објавени во американскиот весник *The New York Times*. Овој пат тоа е напис во врска со „свирепиот колеж на христијаните во Македонија“ кој се случувал „пред очите на Европските претставници“, објавен во далечната 1905 година. Ќе можете да прочитате и превод на напис, објавен во 1929 година во списанието *Илустрација Илинден*, посветен на македонскиот револуционер Мануш Георгиев.

Во овој број ќе можете да прочитате и цитат од првиот претседател на Р. Словенија, Милан Кучан, а задоволство ни е што продолжуваме со објавување на преубавите карикатури на македонскиот карикатурист Никола Анѓелкоски. Во овој број ви претставуваме негова портрет карикатура на прочуениот Дедо Иљо Малешевски.

За крај, ви претставуваме и еден нов стрип албум на македонските автори Дарко Богданов и Јордан Коцевски, насловен „Мрак, хумор, тишина“. Се надеваме дека ќе уживате во содржините кои што ги спремивме за вас.

Со почит,
Александар Стеванов
издавач на Македонска Ризница

Во овој број ќе читате:

Збор-два за авторот на една илустрација на Александар III Македонски

Александар Стеванов 04

Мануш Георгиев

Превел и уредил: Александар Стеванов 14

Тони Анастасовски - стрип автор и илустратор

Александар Стеванов 16

Поезија

Ирена Јурчева 57

Поезија - Мирослав Трајковски Мики

Милица Пашовска 58

Промоција на стрип - Мрак, хумор, тишина

Редакција 60

Цитат - Милан Кучан

Редакција 62

Карикатура: Дедо Иљо Малешевски

Никола Анѓелкоски 63

Турците сè уште ги масакрираат мирните селани

Превод: Гоце Панговски Сашо Гачев 64

Збор-два за авторот на една илустрација на Александар III Македонски

Во последната половина дузина години, веројатно најпозната и по социјалните мрежи од Македонци најсподелувана илустрација, е онаа на Александар III Македонски качен на својот сакан Букефал. Доколку имате „лајкнато“ некоја FB страница посветена на Македонија, речиси невозможно е да не сте ја виделе барем неколку пати. Па и покрај тоа што илустрацијата е позната меѓу Македонците, за жал истото не би можело да се каже и за оној кој што ја насликал. Но ако мислите дека авторот на оваа илустрација е Македонец, се лажете. Всушност не станува збор ниту за момче. Кирси Салонен е името на младата финска сликарка, која што македонскиот крал и освојувач го има овековечено на оваа нејзина преубава илустрација.

Кирси Салонен е родена на 25 февруари 1982 година, во Коувола, Финска. Црта уште како дете, а во последните 10 години со илустрирање, како дигитален илустратор, се занимава и професионално. За нејзините квалитети и успешноста на ова поле, освен самите илустрации, доволно гласно говорат и големиот број на награди кои што ги има освоено. Покрај илустрирање, Кирси работи професионално и како шминкер, а исто така и пишува. Пасија ѝ се поезијата и природата, а нејзината љубов кон уметноста во целина, како што самата вели, ѝ се родила уште откако за прв пат го зграпчила моливот, на возраст од само две години.

Во светот на сликарството за прв пат ја вовела нејзината мајка. Додека била дете таа ја учела како да црта и ѝ ги посочувала различните техники и анатомските правила. Нејзината мајка ја учела сè до оној момент кога самата Кирси не станала подобар сликар од нејзе. „Едноставно се работи за тоа колку време сакаш да поминеш во вежбање на секој еден аспект од цртањето“, вели Кирси „во еден момент јас веќе престанав за референци да користам фотографии или пак живи модели и се принудив себе си, колку што е можно повеќе, да цртам без модели, така што тоа на некој начин ми стана како дисциплина.“ Својата понатамошна ликовна наобразба Кирси ја стекнува на универзитетот на применети уметности во Јужна Карелија, каде што има дипломирано на ликовна уметност, со мултимедија како нејзина специјалност.

Нејзините илустрации претставуваат вистинска визуелна поезија. Таа секогаш слика со надеж дека ќе успее да претстави нови и уникатни потези во секое нејзино наредно дело. Желба ѝ е да разработува ликови со срцепарателни судбини и да раскажува приказни, кои што чекаат да бидат насликани и раскажани. Во своите дела таа им дава лик на чувствата, а смета дека нејзина примарна цел, како илустратор, е со своите дела да побудува емоции, да поттикнува восхит и преку погледот на публиката да изнудува размисли за она што таа го насликала.

По нарачка на обожавател на Александар Велики од Австралија, Кирси ја изработила илустрацијата на античкиот крал и војсководец. Но штом ја прикачила на интернет, како дел од своето портфолио, веднаш настанале и проблемите. Покрај безбројните

Интернационален стрип салон „Велес 2014“

Од 17 до 19 октомври, во Велес, традиционално се одржа три дневниот Интернационален стрип салон, во организација на Стрип центарот на Македонија. Во петок, 17 октомври, во вечерните часови, на самото отварање на салонот, специјално признание за развој на светскиот стрип му беше доделено на Ервин Рустемагиќ, а сопствениците на стрип книжарницата „Бункер“ од Скопје беа наградени со годишното признание за развој и афирмација на македонскиот стрип наречено според прерано починатиот македонски стрип автор Љупчо Филипов. Веќе следниот ден, Ервин Рустемагиќ одржа предавање на тема „Како да се продаде стрипот“, а по него доцент д-р Бошко Караџов имаше излагање од областа на стрип теоријата. До крајот на манифестацијата беа претставени и стрип сцените на земјите од кои што присуствуваат гостите, а посетителите имаа можност да ги погледнат и пристигнатите стрипови на претходно објавениот интернационален конкурс, на кој што Кирси освои второ место.

коментари со пофални зборови имало и низа на такви во кои што се дискутирало не за нејзината уметност, туку за историската припадност на Александар Велики; дали тој бил Грк или пак можеби Македонец. „Лично јас никогаш не сум го сметала Александар за Грк“, објаснува Кирси „но тоа всушност и не е многу важно, тој бил едноставно феноменален.“

Таа подолго време се интересирала за животот и личноста на Александар III Македонски. „Бев фасцинирана од него со години, тој ми беше нешто како идол“, појаснува Кирси. Веројатно токму затоа нејзината илустрација на славниот војсководач блика со чувство на непосредност во која што и измислените елементи делуваат така веродостојно. Всушност ова не е единствената илустрација на Александар Велики, која што Кирси ја има изработено. Една друга на која е претставена сцена по голема битка во која што Александар се одмара до Букефал, го носи називот „Попладневни сенки“ и е насликана во 2005 година.

Дека за Александар се интересираат луѓе од целиот свет и дека самиот тој претставува светско историско наследство кое не би смеело да подлежи на монополизација говори тоа што за изработка на негова слика била контактирана од узбекистански музички композитор. „Само што се сетив на една волшебна работа, во врска со Александар, која што можеше да биде одлична. Пред неколку години, еден композитор од Узбекистан ме контактираше со барање да му насликам огромни промоционални постери за концерт, кој требало да се одржи во Самарканд, и во кој што Александар бил претставен. Како и да е, јас тогаш бев на одмор и не можев да му одговорам доволно бргу, а тој потоа беше заминат на деловно патување и така можноста пропадна. Сè уште чувствувам носталгија за тоа“, споделува Кирси. Но и покрај пропуштената шанса, Кирси е убедена дека во иднина ќе се појави некоја слична. „Мислам дека Александар е тема која што постојано се наврака

За стрипот „Вистинска љубов“

Имагинацијата која што извира од секоја една слика на Кирси Салонон, никого не би можела да го остави рамнодушен. Таа на приказната „Вистинска љубов“ ѝ дава надреален уметнички печат и со својот неоспорен талент и вештини од пишаните зборовите создава вистинска визуелна поезија. Секој панел од стрипот кој што таа го има насликано не е само следење на општата приказна туку и приказна сама по себе. Секој еден од нив гласно говори со илјада зборови и ни открива низа на имагинативни светови и реални емоции.

од некаде“, вели таа „сигурна сум дека ќе има нови можности“.

Кирси има работено како концепт уметник, има илустрирано насловни страници за поголем број на книги, а има изработено и три постери за Олимписките игри во Лондон во 2012 година. Моментално таа работи на подготовките за издавање на својата книга „Ордера“, за која што се надева дека ќе биде издадена пред крајот на оваа година, во декември. Се работи за проект на кој што таа со прекини работи веќе седум години. „Ордера претставува епска авантура која што се состои од четири дела“, вели Кирси, која самата ја има напишано и илустрирано оваа книга со фантастична и мрачна тематика.

Со краткиот стрип „Вистинска љубов“, таа учествуваше на овогодинешниот, дванаесетти по

ред, Интернационален стрип салон во Велес, во организација на Стрип центарот на Македонија (СЦМ), кој се одржа од 17 до 19 октомври и на кој што гостуваа поголем број на познати стрип автори од регионот. Истиот стрип, на 4 октомври во фоајето на кино „Фросина“ (МКЦ), како второнаграден на интернационалниот конкурс на СЦМ веќе беше претставен пред скопската публика, во склоп на манифестацијата Бела ноќ.

„Речиси како директен комплимент на мојот метод на работење, овој стрип раскажува посебна малечка приказна во секој еден од неговите панели. На сè би можело да се гледа како на засебна емоционална сцена која што е вткаена заедно со другите во една епска љубовна приказна. Со зборови можат да бидат претставени огромни визуелни пејзажи за читателот и останува на „љубовникот“ на крај да пополни што всушност значат тие зборови и која е симболиката која што се крие зад сите нив. Како што рекол американскиот поет и филозоф Ралф Валдо Емерсон „Сиот свет сака љубовник“, и јас верувам дека овој стрип успева да ја нахрани романтичната и полна со надеж суштина во потрагата по љубов, која што тлее во секој од нас“, го објаснува таа стрипот „Вистинска љубов“.

Кирси, како што самата вели, сака еден ден да има можност да илустрира и стрип за Александар Велики, а вели и дека има огромна желба да ја посети Македонија, како и да ја види статуата на Александар на плоштадот во Скопје. А доколку вие сакате да видите дел од нејзиното богато ликовно творештво, можете тоа да го направите на веб страницата - www.kirsisalonen.com

Александар Стеванов

A word or two about the author of an illustration of Alexander III of Macedonia

In the last half dozen years, probably the best known and in the social media the most shared illustration by Macedonians is that one of Alexander III of Macedonia on his beloved Bucephalus. If you have liked some of the Facebook pages dedicated to Macedonia, it is nearly impossible not to have seen it at least a couple of times. Even though the illustration is well known among Macedonians, unfortunately the same could not be said about its author. But if you think that the author of this illustration is Macedonian, you are wrong. In fact it is not even a he, but a she. Kirsi Salonen is the name of the young Finnish painter, who has immortalized the Macedonian king and conqueror in her beautiful illustration.

Kirsi was born on 25 February 1982 in Kouvola, Finland. She started drawing in her childhood, and in the last 10 years she has been working professionally as a digital illustrator. For her quality and success in this area, beside her illustrations, the many awards she has won speak loudly enough. Besides illustrating, Kirsi works professionally as a make-up artist, and also writes. Her passions include poetry and nature, and her love for the arts in general, as she says, was born since she first grabbed the pencil at the age of just two years.

Her mother initially introduced her to the world of painting. When she was a child she taught her how to draw and directed her in the various techniques and anatomical rules. Her mother taught her until the moment when Kirsi become a better painter than she. "It's just how much you wanna spend with practicing each aspect of drawing", says Kirsi, "at some point I stopped looking at photos or live models and just pushed myself as far as I could without any models, so it became like a discipline". Kirsi acquired her further education in painting at the South Karelia University of Applied Arts, where she graduated in Fine Arts, with multimedia as her specialty.

Her illustrations make for real visual poetry. She always paints hoping to present new and unique brushstrokes in every new painting. She likes developing characters with heartbreaking fates and telling stories, waiting to be painted and narrated. In her works she gives faces to the feelings and believes that her primary goal as an illustrator, is for her works to create emotions, and to encourage admiration, and by viewing them to make the audience think about the things she has painted.

For the painting of Alexander the Great Kirsi was commissioned by an Australian admirer of the ancient king and general. But once she uploaded the illustration to the Internet, as part of her portfolio, immediately came the problems. Besides the many comments with compliments on her talent, there were a series of comments that were not about her art, but on the historical origin and affiliation of Alexander the Great; whether he was Greek or perhaps a Macedonian. "Personally I've never thought Alex as Greek", says Kirsi, "but it really doesn't matter much. He was just awesome".

Awards:

Excellence Award in 3DTotalforum
for work 'Apis Soulraider' in 2010.

1st place in a competition themed 'Strange Place' in 'It's Art'-forum, with the work 'Cyclone Chamber' in 2009.

Was selected 2nd place as the Artist of the Year in 'It's Art' art forum in 2009.

"Golden panda" -piece received an Excellence award at 3Dtotal.com in 2008

"Golden Panda" included in Ballistic Publishing's 'Exposé 6'- digital art collection and received an Excellence award in 2008

"Recall" -piece received a Choice Award in CGTalk.com in 2007

Ranked as 4th and awarded with Certification of Excellence at International CGOverdrive 2007 -conference at Singapore, in theme on "War & Peace", with work 'Recall'.

She has been interested in the life and personality of Alexander III of Macedonia for a long time. "I was very fascinated with him for years, kinda an idol for me", explains Kirsi. Probably that is why her illustration of the famous military commander glows with a sense of immediacy in which even the fictional elements seem so plausible. In fact this is not the only illustration of Alexander the Great, which Kirsi has made. She painted another one in 2005, depicting a scene after a great battle, in which Alexander is resting next to Bucephalus, named "Afternoon Shadows".

Further proof that people across the world are interested in Alexander, and that he himself is part of a world heritage which shouldn't be subject to monopolization, is the fact that for making a painting of him she was contacted by an Uzbek music composer. "I just remembered one dreamy job that could have been awesome, involving Alexander. A few years ago an Uzbekistan composer contacted me and wanted me to paint HUGE promo posters to a concert telling about Alexander, it would have been in Samarkand. however I was on vacation then and couldn't reply fast enought to him and then he left on a business trip and the opportunity sunk. I still feel nostalgic about that", Kirsi shares with us.

Despite the missed opportunity, Kirsi is convinced that in the future there will be some similar opportunity. "I think Alexander is a topic that always comes back from somewhere, I'm sure good opportunities will come again", says she.

Kirsi has worked as a concept artist, she has illustrated covers for many books, and has produced three posters for the Olympic Games in London in 2012. Currently she is working on preparations for the publication of her book "Ordera", which she hopes to be released before the end of the year in December. It is a project on which she worked intermittently for seven years. "Ordera is an epic adventure consisting of 4 parts", says Kirsi, who has written and illustrated this book with fantastic and dark themes herself.

With the short comic "True Love", this year she participated, in the twelfth International Comics Salon in Veles, organized by the Comics Center of Macedonia

(CSM), which was held on October 17-19, and hosted many well-known comics artists from the region. This same comic, which got the second prize at the CSM international competition, was already presented to the audience in Skopje, on October 4 in the lobby of the cinema “Frosina” (YCC), within the White Night event.

“Almost as a direct compliment to my own working method, this comic tells a separate little tale in each of its frames. Everything can be looked as an individual emotional scene that is woven together as an epic love story. With words you can introduce huge visual landscapes for the reader and it’s up to the ‘lover’ who can fill in what the words hold in the end and what’s the symbolic meaning behind it all. ‘All the world loves a lover’ as the American writer, poet and philisopher Ralph Waldo Emerson said, and I believe this comic succeeds to nourish the romantic and the hopeful essence in the pursuit of love that resides in us all”, is the way in which she explains the comic “True love”.

Kirsi, as she says, wants one day to have the opportunity to illustrate a comic book about Alexander the Great, and says that she has a wish to visit Macedonia, and to see the statue of Alexander at the square in Skопje. And if you want to see part of her rich artwork, you can do that on her website - www.kirsisalonen.com

Translated by: Aleksandar Stevanov &
Goce Pangovski





ВИСТИНСКА ЉУБОВ © КИРСИ САЛОНЕН и АЛЕКСАНДАР СТЕВАНОВ

Мануш Георгиев

Роден: 10 август 1881 година,
село Турново, Република Македонија

Починал: 7 февруари, 1908 година,
село Долна Рибница, петричко,
(Пиринска Македонија) Република Бугарија

Во галеријата струмички револуционери, заедно со Џемо Самарџиев[1] кому е рамен по дела, ќе треба да го вброиме и Мануш Георгиев[2]. За него, како и за плејадата македонски дејци, револуционерното движење не беше арена за крвав натпревар, туку долг кон тажната судбина на едно угнетено племе, чие што чедо беше и тој. Не од љубов кон оваа дејност се фрли тој во крвавиот танц на револуцијата, а поради длабок инстинкт на син, без завет, предан во служба на својот народ; поради длабоко внатрешно убедување во неизбежноста на револуционерната борба за извојување на подобри денови.

Уште како ученик во струмичката прогимназија тој е воведен во дверите[3] на нашата вера, која што млади апостоли беа тргнале да ја проповедаат по градови и села. Со сиот свој жар и младински занес, тој се оддаде во нејзина служба и верно ѝ служеше до своите последни дни.

По завршувањето на прогимназијата заминал за Сер, за во тамошното педагошко училиште да го продолжи своето образование. Таму тој веднаш застанува на чело на ученичкиот револуционерен кружок. Еден бунт против директорот е причината за тој да биде исклучен од училиштето и да биде фрлен во виорот на борбата, најпрво како легален раководител во родниот крај, а потоа како војвода на струмичката и петричката околија.

Бомбардирањето на Отоманската банка во Солун[4] го принудува да ја напушти легалната борба и да премине кон горските патишта. Надарен оратор, тој го воодушевувал населението со својот непринуден говор. Секој негов збор паѓаше како балсам во разболената народна душа. По цели часови тие простички селани го слушаа занесени опасниот говор на својот учител. По цели часови тој говореше, убедуваше, разведруваше и од кротката и покорна раја создаваше борци. Со својата голема

---

[1] Константин (Костадин) Самарџиев – Џемо (Џемото), струмички револуционер, член на Македонската Револуционерна Организација

[2] Мануш Ѓорѓиев Турновски (Струмички), познат и како Мануш Војвода, бил македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, член, раководител и војвода на Македонската Револуционерна Организација.

[3] Архаизам за врата; средните врати на иконостас. Повеќе инфо на: Дигитален речник на македонскиот јазик

[4] Од страна на Гемиџиите, на 28 април 1903 година.

Мануш Војвода

Стига сме јале, јале и пиле,
вино, ракија и руди јагњиња.

Развивај бајрак ти Мануш војвода,
развивај бајрак низ Струмичко поле.

Нашите мајки сѐ у црно одат,
сѐ у црно одат и за нази жалат.

Развивај бајрак ти Мануш војвода,
развивај бајрак низ Струмичко поле.

Нашите сестри бело цвеќе садат,
бело цвеќе садат, ама не се китат

Развивај бајрак ти Мануш војвода,
развивај бајрак низ Струмичко поле.

дарба за организирање, во продолжение на две години тој успеа да стави ред во организациските дела во петричката околија, дотогаш разуздана од организациски расправии.

Избран во 1907 година за помошник на струмичкиот окружен војвода, на следната година Мануш беше повикан во петричко за да ги изпегла настанатите недоразбирања меѓу окружниот војвода и месниот комитет во град Петрич. Со својата чета и членовите на комитетот тој заминува за село Рибница, каде што ќе ги разгледувале споровите. Меѓутоа, внимателното шпионско око ги предава и многуброен аскер[5] од сите страни го опколува селото[6]. Мануш се повлекува со своите луѓе во месноста „Тројка“[7], каде што в зори се откриени и се почнува нерамна, продолжителна[8] битка, во која што сите на број 23 души[9], јуначки ги вложуваат своите коски за слободата на Македонија.[10]

И денес[11] кога патникот ќе помине оттаму, ги гледа како стрчат полуизгниените дрвени крстови, што потсетуваат на бурата која што се случила таму пред 20 години[12] и за крилестите мечти на еден млад војвода.

П. Чернопеев „Илустрација Илинден“, година 2, книга 2 (12), Софија, јануари 1929 година, стр. 14

Превел и уредил: Александар Стеванов

---

[5] И башибозук

[6] Во околу пет часот наутро

[7] Според други извори: „Трнката“

[8] Околу десет часа

[9] Според други извори: целата чета од 24 души; 25 четници; општо 40 души

[10] Меѓу загинатите се: учителот Александар Унев од Велес, Васил Скендерски од Берово, учителот Тома Митов Марков од Петрич, Стојан Алексов Таранџиев од Петрич, Михаил Костадинов Вердев од Петрич, Костадин Заеков од Зојчене, Запро Ќосев од село Негован, солунско, Наке Тодоров, Христо Николов, Ставро, Атанас, Гоњо и други

[11] Се мисли на јануари 1929 година, кога написот е објавен во „Илустрација Илинден“

[12] На 7 февруари 1908 година

Тони Анастасовски

стрип автор и илустратор

Тони Анастасовски, роден на 1 февруари 1967 година во Скопје, е македонски стрип автор и илустратор. Своите први црно-бели илустрации започнува да ги објавува во 1986 година, уште како средношколец во Средното уметничко училиште „Лазар Личеновски“, во младинските гласила „Млад борец“ и „Студентски збор“. Кон крајот на 1987 година започнува да слика илустрации во повеќе жанрови, работени во техниката масло на платно, кои што се објавени како насловни страници за изданијата „Дечје новине“ од Горни Милановац и во „Дневник“ од Нови Сад. Во тој период изработува и голем број плакати за филмови и пакувања за VHS-касети во поранешна Југославија.

Во 1991 година во ревијата „Макстрип“ ги објавува стриповите „Фатаморгана“ и „Експеримент“, работени според сценарија на Владо Николовски, а подоцна објавува и други стрипови во стрип изданијата „Стрип арт“, „Стрип креатор“ и „Стрип арт-визура“. Една реализирана епизода на „Тарзан“, од која што имате ексклузивна можност да видите неколку табли, му останува необјавена, а со свои стрипови учествува и на конкурсите на југословенските списанија „Младост“, „Стрип арт“ и „Стрипотека“.

Тони има соработувано со многу истакнати автори, меѓу кои и со доајенот Дарко Марковиќ, со кого има работено на анимираниот филм „Пецко“, како и со познатиот стрип автор од постарата генерација Диме Иванов-Димано. Има соработувано и со стрип авторите Александар Сотировски, Смиле Цветановски, Игор Јовчевски, Никола Темков, колорирајќи нивни стрипови, книги и списанија за деца за повеќе издавачки куќи од Македонија, меѓу кои „Просветно дело“, „British Council“, „Визант“ и др. По сценарио на Иван Пешев, цртеж; Смиле Цветановски и колор акварел на Тони Анастасовски е реализиран хумористичен стрип од 50 страни кој не е објавен. Со Оливер Ромевски и Зоран Танев има соработувано при изработката на стрип албумите „Бастиан“ и „Ел Македонеро“, како и при реализацијата на „Александар Македонски, лавот од Македон“, стрип албум правен според сценарио на Ниче Димовски.

Тони е добитник на прва и трета награда за ликовно дело на конкурсот „Визија“, а повеќе пати има изложувано стрипови и илустрации на Деновите на научната фантастика. Во 1995 година учествува на групната изложба од бившите Ју-простори на „Strip and Sound Festival“. Има учествувано со свои стрип табли на изложбите на македонскиот современ стрип во Белград и во Лесковац. На биеналето „Златно перо“ за илустрација во Белград, со свои илустрации на нивните изложби и во каталогот учествуво има земено вкупно три пати.

Моментално се занимава со сликарство, илустрација, а повремено работи и како колорист на повеќе стрипови и стрип-албуми во земјава и надвор од неа. Има спремено книга со цртежи (Sketchbook) со наслов „Фантазмагориите на Тони Анастасовски“ која чека на објавување. Неговите дела можете да се видите на неговиот блог - www.antoni2.blogspot.com

Тони Анастасовски - илустрации објавени во списанието „Млад борец“.


1987





Објавени илустрации како насловни на пишувани романи и видео касети



228
93 min
AKCIONI
BANDA UBICA
VIDEO
VHS
THE MURDER GANG
BANDA UBICA


BROJ 25 ● CENA 25 DINARA
KRIMI
roman
LINIJA SMRTI

Масло на платно, 1994 година



Масло на платно, 1992 год

дина

Масло на платно, 1994 година



број 43
NIP "Dečje novine"
Gornji Milanovac

Тони Анастасовски,
масло на платно,
1990 година



NISJP "DNEVNIK"
Novi Sad

Тони Анастасовски,
масло на платно,
1988 година



Тони Анастасовски, масло на платно, 1991 година

Тони Анастасовски, масло на п

латно, 1990 година

Тони Анастасовски, масло на платно, 1989 година

Тони Анастасовски, масло на платно, 1988 година

Тони Анастасовски, масло на платно, 1987 година

Strip Art Vizura,
Urban Art Anthology
„Визант“ центар за визуелни уметности, Прилеп

Тони Анастасовски,
акварел, 2001 година

Табла 2 од необјавениот стрип Тарзан, 1990 година
сценарио: Владо Николовски, цртеж: Тони Анастасовски

Табла 3 од необјавениот стрип Тарзан,
сценарио: Владо Николовски, цртеж: Тони Анастасовски



EUSKADI TA SKATA
E.T.A.
2





SPLAS!

Ел Македонеро,
сценарио: Оливер Ромевски,
цртеж: Зоран Танев,
Дигитален колор: Тони Анастасовски




THUD...THUD...THUD...


KRAK!



?

Бастиан,
сценарио: Оливер Ромевски,
цртеж и туш: Зоран Танев,
колор акварел: Тони Анастасовски



Toni95







Александар Македонски, лавот од Македон,
сценарио: Ниче Димовски,
цртеж: Зоран Танев,
Дигитален колор: Тони Анастасовски

Портрети, објавени како насловни страници на списанието „Hazard“

Акварел

Акварел



Масло на платно



Акварел

Тони Анастасовски, рози, акварел, 2005 година

Тони Анастасовски, птица, аква



арел, 2013

Тони Анастасовски, птица, акварел, 2013









Тони Анастасовски, дигитално сликање, 2011

Дражен Ковачевиќ, цртеж - Тони Анастасовски. Дигитално сликани

Стисок

Пригушен лотос, застоени води
Прикриваат бледо нежно лисје
Плодот-првенец се мачи да првне
Привиди лажни на светли души

Стебло разгнилено, ползи мовиште
Стегнале гранки заскитана жртва
Стисок мразовит, силуети од чад
Снежнобел мрамор зграпчил долина

Темниот вилает блесок го боде
Трошниот мир станува цврст
Тешкиот чекор станува лесен
Тивок и меден е неговиот стисок

Ноќни обременети мисли

Кога денот гине, а ноќта се надвишува
Некои чудни окна зинале за бол
прикриен, ни сноќен, ни обденет.

Месечината е стар и драг сојузник
На оние несфатените, чудаците
Кои, како игла во сено, бараат точен збор.

Од топлината на мислите
До студенилото на хартијата -
Еден од најдолгите патишта.

Не во генијот измерен со бројки,
Не по облеката и боемскиот живот.
На маката се познава уметникот.

Си му подзавидел ли некогаш
на просјакот безгрижен и врабецот безразумен,
ти, покрај огништето, што си пивнуваш вино?

За кого да делничам и безделничам
За што да валкам раце и да трујам ум?
Бесцелно или сештоцелно?!

Лагата секогаш бега во лавиринт

Облечена во црвен шушкав фустан,
таа бега вешто низ живите ѕидови.
или подобро да кажеме тој
се тетерави низ лавиринтот,
наметнат во алов фрак.
(родот е мошне сплеткана работа
кога им се дава на безродните нешта).
Црвената е предавничка боја,
неповикана од срцето избива,
и ретко кој потег со четката
итро ќе ја префарба.
Пробај, направи го истиот врзол
со истата сложена преплетка,
ни одвнатре, ни однадвор,
ни вака, ни онака поинаква.
Патеките еднаш изодени
во времето и просторот
ни зборот, ни перото, ни четката,
немаат моќ да ги сменат за стварноста.
Залудно е да бегаш во лавиринт.

Ирена Јурчева
Септември 2014

ПОЕЗИЈА

1. Листот и јас

Сум задремал на терасата на столчето старо,
како низ водите изворски плови еден лист до мене!
Јас стишен, листот разигран јас не се движам а тој плови.
Но ние заедно сме.. иако на различна страна
како коренот и цветовите како прагот и покривот како листот и јас.
Далеку сме, а сосем блиску.
Тој музицира величенствено со своите звуци.
Јас тихувам префинето со моите звуци.
Се вклопуваме, полека се соединуваме
не поврзува мостот на љубовта.

2.Еден пат

Јас сум на почеток на својот пат, и дождот истовремено е на почеток на својот пат.
Мојот пат води кон центрите на љубовта.
Патот на дождот води кон центрите на сувата земја.
Јас одам и љубам дождот исто оди и љуби,
јас патувам и мирувам тој капе и дарува..
Ние сме заедно.
Јас и дождов!
Дождов и јас!
Една целина и еден пат една сестра и еден брат.
Во кругот на себоженственото и во ритамот на божјата мелодија.

МИРОСЛАВ ТРАЈКОВСКИ МИКИ

3.Сеќавање

Слабо ти е сеќавањето нели
Слабо паметиш кога сакаш да е така.
Немаш претстава ли за нечиите спомени уредени
што се и наместени до вратите на чистата душа.
Таа душа водилка над сите води и огнови над сите земји
и ветрови што се занесени и прикриени само во имагинативноста.
Секогаш се заедно.
Знај!
Секогаш достојни. Памети!
Секогаш благоучтиви. Разбери!
Да. Ама тие знаат за себе.
Чувствата на мојата душа се постилка пред море високо подигната, извисена.
Постилка со цвеќе распослана и наместена.
Зарем слабо ти текнува дека не прибира секакви гости таа постилка.

Мирослав Трајковски Мики е роден 1994 година во Скопје. Поезија пишува уште од најрано детство и љубовта кон неа ја зголемува во тинејџерските денови. Во своите средношколски денови зема учество на најразлични поетски и ораторски средби и стекнува огромна љубов кон македонските поети, пред се Блаже Конески, Гане Тодоровски и Матеја Матевски. Досега има издадено една заедничка книга со група автори антологија „Поезија за Душа“, учества на повеќе конкурси и читања. Неговата поезија се изразува со специфична суптилност, за љубовта, тагата, цвеќињата и животот. Своите длабоки чувства и инспирација ги пронаоѓа најчесто во дождливите ноќи.

Мрак, хумор, тишина

Наскоро од печат ќе излезе стрип албумот „Мрак Хумор Тишина“, заеднички проект на сценаристот Јордан Коцевски и цртачот Дарко Богданов. Станува збор за своевидна антологија во која се вклучени кратките стрипови кои тие двајца ги имаат создадено во нивната досегашна петгодишна соработка. Стриповите може да се поделат во три тематски циклуси, како што кажува и самиот наслов на албумот.

Покрај нивните стрипови, во албумот исто така се вклучени и неколку стрипови кои секој од нив ги има работено и со други автори. Автори гости со свој удел во албумот се цртачите Андреј Манев, Весна Ничевска Саравинова и Игор Јовчевски, колористот Стефан Коцевски и сценаристот Александар Стеванов.

Издавачи на албумот се самите автори, а наскоро ќе следува промовирање на самото издание.

Редакција


МРАК
ХУМОР
ТИШИНА
ЈОРДАН КОЦЕВСКИ
ДАРКО БОГДАНОВ

„МАКЕДОНЦИТЕ ДЕНЕСКА СЕ ПРИНУДЕНИ ЦВРСТО ДА ИНСИСТИРААТ НА КУЛТУРАТА, ЈАЗИКОТ И ИМЕТО, КОИ ШТО ИМ ГИ ОСПОРУВААТ ГРЦИТЕ СО НЕСФАТЛИВОТО БАРАЊЕ ДА СЕ ОТКАЖАТ ОД НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ, АКО САКААТ ДА МИНАТ ПРЕКУ ПРАГОТ НА ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА.“

ИЗВАДОК ОД ОБРАЌАЊЕ ПО ПОВОД ДЕНОТ НА СЛОВЕНЕЧКАТА КУЛТУРА НА МИЛАН КУЧАН (MILAN KUČAN), СЛОВЕНЕЧКИ ПОЛИТИЧАР И ДРЖАВНИК, ПРВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА (1991-2002), ВО ФЕВРУАРИ 2010 ГОДИНА, ВО НОВА ГОРИЦА.



Дедо Иљо Малешевски

1805- 1898
Македонски војвода

портрет карикатура, молив во боја на хартија

Никола Анѓелкоски

ТУРЦИТЕ СѢ УШТЕ ГИ МАСАКРИРААТ МИРНИТЕ СЕЛАНИ

Европските претставници во Македонија измамени

Портата[1] сака да го избрка Брајс

Бара одобрение од Англија да се запрат неговите истражувања во немирниот регион

ЛОНДОН. 30. Септ.(ември) – В.А.Мур. Секретар на Балканскиот Комитет, којшто се врати од двомесечна турнеја низ Македонија, денес рече:

„Свирепиот колеж на христијаните во Македонија продолжува да се случува пред очите на Европските претставници. Преминувајќи ја бугарската граница, првата вест што ме пречека беше масакрот во малото село Конопница, кој се случил три дена пред моето доаѓање. При посетата на селото наидов на трупови на маж, две жени, девојка и трупови на три деца сеуште незакопани и положени во црквата. Жените биле стрелани, но забележав дека главата на едно од децата беше згмечена, најверојатно со кундак од пушка.

Ранетите беа однесени во Крива Паланка, на еден час јавање оддалеченост, кадешто е сместен австрискиот офицер задолжен за тој регион.

Приказната зад целата оваа афера е само повторување на често раскажувано случување. Чета востаници го посетиле селото и на заминување побарале храна. Турските власти дознавајќи за пристигањето на четата испратиле војска, која во местото не нашла востаници, и се одмаздила на христијаните. Набљудувањето на европските офицери ретко ги одвраќа муслиманите од колењето на христијаните.

Австрискиот офицер на кумановскиот регион е задолжен за 119 села, во кои секојдневно се случуваат брутални убиства и поминуваат незабележано од властите. Во битолскиот регион, италјанските офицери спијат заедно со турската армија со цел да ги надгледуваат нејзините методи на „потчинување на востаниците“. Ова, сепак ги спречува само специјалните единици од извршување злосторства.
Селото Могила, во кое бил убиен албански разбојник, било казнето од турската војска. Девет невооружени селани биле убиени и оружје било поставено до нивните тела во пченкарно поле со цел да се измамат италијанските офицери кои биле поканети да извршат увид на „востаниците“, но пушките биле од ист вид како тие што се користат од војската во битолскиот регион.

Разбојништвото флагрантно продолжува, и животите и имотите се по несигурни од кога Австрија и Русија го добија мандатот за реформи во земјата пред две години. Џандармериските офицери ја признаваат нивната неспособност да го заштитат населението, и неколку од нив ми кажаа дека ова им го пренеле на нивните влади. На Македонците не им останува никаква надеж.“

---

[1] Се мисли на „Високата Порта“ т.е. седиштето на Отоманската турска власт во Истанбул.

Г-дин Мур вели дека во земјата (Македонија) сеуште врие од азиска војска, што не била отстранета уште од мобилизацијата против Бугарија во 1903 г.
Британскиот парламентарец Џејмс Брајс којшто е претседател на балканскиот комитет сега е на турнеја низ Македонија во која ги набљудува состојбите припремајќи се да ги изнесе резултатите од оваа турнеја пред британскиот парламент. Се слуша дека властите во Македонија се користат со секакви средства да го спречат неговото собирање на информации.

Портата побара дозвола од британската влада за отстранување на г-дин Брајс од (Отоманска) Турција.

Њујорк тајмс
Објавено на: 1 октомври, 1905 г.

Превод: Гоце Панговски
и Сашо Гачев

TURKS STILL SLAYING INOFFENSIVE VILLAGERS

European Representatives in Macedonia Hoodwinked.

PORTE WOULD EXPEL BRYCE

Asks Permission of England to Stop His Investigations in the Disturbed Region.

LONDON, Sept. 30.—W. A. Moore, Secretary of the Balkan Committee, who has returned from a two months' tour of Macedonia, said to-day:

"The wanton slaughter of Christians in Macedonia continues under the eyes of Europe's representatives. Crossing the Bulgarian border, the first news to greet me was of an unpardonable massacre in the little village of Konopnitza, which occurred three days before my arrival. On visiting the village, I found the bodies of a man, two women, a girl, and three children still unburied and laid out in the Christian Church. The women had been shot, but I saw one child whose head had been crushed, probably with the butt of a gun.

"The wounded had been taken to Egri Palanka, an hour's ride distant, where resides the Austrian officer in charge of the district.

"The story of the affair is a repetition of the oft-told tale. An insurgent band visited the village and demanded food on departing. The Turkish authorities, learning of the visit, dispatched a body of troops, which, discovering no insurgents in the place, dealt out their revenge on the Christians. The observation of the European officers seldom deters the Mohammedans from slaying Christians.

"The Austrian officer in the Koumanova district has charge of 119 villages, where most brutal murders are of daily occurrence, and are not noticed by the authorities. In the Monastir district the Italian officers sleep with the Turkish Army in order to observe its methods of 'suppressing insurgents.' This, however, only prevents special detachments from perpetrating crimes.

"The village of Mogla, in which an Albanian brigand was assassinated, was punished by the Turkish troops. Nine unarmed peasants were killed and arms were placed beside them in a cornfield in order to deceive the Italian officers who were invited to inspect the 'insurgents,' but the rifles were of the pattern used by the troops in the Monastir district.

"Brigandage continues flagrantly, and life and property are less safe than before Austria and Russia received the mandate to reform the country two years ago. The gendarmerie officers admit their inability to protect the population, and several of them told me they had so reported to their Governments. The Macedonians have no hope left."

Mr. Moore says the country is still swarming with Asiatic troops, which have not been removed since the mobilization against Bulgaria in 1903.

The Right Hon. James Bryce, M. P., President of the Balkan Committee, is now touring Macedonia and observing conditions there preparatory to laying the results of his tour before the British Parliament. The authorities in Macedonia are said to be employing every means to prevent him from gathering information.

The Porte has requested the British Government to permit the expulsion of Mr. Bryce from Turkey.

The New York Times
Published: October 1, 1905
Copyright © The New York Times

Овде можете да ги прочитате сите прет

Секоја од насловните страници претставува линк до содрж

ходни изданија на Македонска Ризница

#ината на соодветниот изминат број на Македонска Ризница

Македонска ризница:

Можете:

да споделите – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото.

Под следните услови:

Наведи извор — Морате да го наведете изворот на ист начин како што тоа го направил авторот или давателот на лиценцата (но не на начин кој би сугерирал дека тие ве поддржуваат вас или вашето дело).

Некомерцијално — Не смеете да го користите ова дело за комерцијални цели.

Без адаптирани дела. — Не смеете да го промените, трансформирате или да го адаптирате ова дело.

Е-ПОШТА:
makedonska.riznica@yahoo.com

Медиумски покровители:

НОВА ЗОРА

ГОРЕ ГЛАВАТА!

cOoLTuRa

WWW.WHEREISMACEDONIA.ORG